Врз основа на член 14 став 1 и чл. 15 и 21 од Законот за единствениот избирачки список („Сл. весник на РС“, бр. 104/09, 99/11, 44/2024 и 96/2025), т. II, III и IV од Упатството за спроведување на Законот за единствениот избирачки список („Сл. весник на РС“, бр. 15/12, 88/18, 67/2020, 40/2021, 90/2021, 16/22, 34/2024, 44/2024, 4/2026 и 16/2026) и Одлуката за распишување избори за претседател на Републиката („Сл. весник на РС“, бр. 118/2026), кои ќе се одржат на 27 декември 2026 година, Општинската управа на општина Пландиште

ИЗЛОЖУВА НА УВИД

ДЕЛ ОД ЕДИНСТВЕНИОТ ИЗБИРАЧКИ СПИСОК ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ПЛАНДИШТЕ

Делот од Единствениот избирачки список за подрачјето на општина Пландиште е изложен во седиштето на Општинската управа на општина Пландиште, ул. Војводе Путника бр. 38, канцеларија број 1.

Увидот во делот од Единствениот избирачки список се врши преку компјутерска опрема, со внесување на единствениот матичен број на граѓаните (ЕМБГ), со цел проверка дали граѓанинот е запишан во избирачкиот список и дали запишаните податоци се точни.

Барањата за промени во делот од Единствениот избирачки список (запишување, бришење, измена, дополнување или исправка) граѓаните со живеалиште, односно внатрешно раселените лица со престојувалиште на подрачјето на општина Пландиште, можат да ги поднесат до Општинската управа секој работен ден во периодот од 7.00 до 15.00 часот и во сабота од 8.00 до 12.00 часот, најдоцна до денот на заклучување на избирачкиот список, односно до 11 декември 2026 година во 24.00 часот.

По заклучувањето на избирачкиот список, па сè до 72 часа пред денот на изборите (до 23 декември 2026 година во 24.00 часот), решенијата врз кои се засноваат промените во избирачкиот список ги донесува Министерството за државна управа и локална самоуправа. Барањето за промени во избирачкиот список во овој период може да се поднесе непосредно до Министерството или преку Општинската управа.

Од прогласувањето на предлогот за кандидат, право на увид и поднесување барања за промени во избирачкиот список има и предлагачот на кандидатот, на начин на кој тоа право го остваруваат домашните набљудувачи. Предлагачот на прогласениот кандидат има право до надлежниот орган да поднесе барање за промена во избирачкиот список, кон кое мора да се приложат овластување од избирачот на кого се однесува барањето и соодветни докази.

Граѓаните можат, од распишувањето на изборите за претседател на Републиката до најдоцна пет дена пред денот на заклучување на избирачкиот список (5 декември 2026 година во 24.00 часот), да поднесат барање во избирачкиот список да се запише податок дека на претстојните избори ќе гласаат според местото на престојување во земјата (избрано место на гласање). Овој податок не може да се менува до завршувањето на изборната постапка.

Во постапката на вршење увид во избирачкиот список, лицето овластено за ажурирање на избирачкиот список, лицето за давање техничка поддршка во Општинската управа и овластеното лице на предлагачот на кандидатот се должни да постапуваат во согласност со законот со кој се уредува заштитата на личните податоци.

Увид во Единствениот избирачки список може да се изврши и по електронски пат на официјалната интернет-страница на Министерството за државна управа и локална самоуправа (https://upit.birackispisak.gov.rs/), со внесување на податокот за единствениот матичен број на граѓаните и регистарскиот број на личната карта.

ВоПландиште,
27.11.2026 год.

РАКОВОДИТЕЛ
НА ОПШТИНСКАТА УПРАВА
Игор Ѓорѓевски, дипл. правник